# Институт за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“

**Школа за регионални студии**

# БИЛТЕН, I/29

**7 февруари 2012**

**СОДРЖИНА:**


1. **Извештај од Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд на тема „ Основното образование во Република Македонија од аспект на мултикултурализмот и родовата еднаквост “ од кандидатката Тулаха Тахир;**
2. **Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Современи аспекти на работниот простор во услови на глобална стандардизација: пристапи, практики и брендирање на внатрешната архитектура“ пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатот м-р Мишко Ралев;**
3. **Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Улогата на комуникациските стратегии во мултикултурните општества, со посебен осврт кон информирањето за Охридскиот рамковен договор“ пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатката м-р Марина Тунева.**


## 1. Извештај од Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд на тема „ Основното образование во Република Македонија од аспект на мултикултурализмот и родовата еднаквост “ од кандидатката Тулаха Тахир;

**Бр. 05.12/823, 10-01-2011 г.**

**До Наставно-научниот совет на**

**Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан"**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

на магистерскиот труд со наслов

**„Основното образование во Република Македонија**
**од аспект на родовата еднаквост и мултикултурализмот"**
од Тулаха Тахир

Врз основа на член 37 од Статутот на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", Наставно-научниот совет на својата 4-та седница одржана на 06 декември 2011, донесе одлука за формирање на Комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд на тема "Основното образование во Република Македонија од аспект на родовата еднаквост и мултикултурализмот" од кандидатката Тулаха Тахир.

Комисијата во состав: проф. д-р Весна Матијашевиќ-Покупец, проф. д-р Митко Панов и доц. д-р Рубин Земон, по проучувањето на магистерскиот труд, има чест да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Магистерскиот труд „Основното образование во Република Македонија од аспект на родовата еднаквост и мултикултурализмот" е структуриран на 127 страници, од кои 117 страници основен текст и 10 страници библиографски единици (користена литература), преглед на анализирани наставни планови и програми, список

на анализирани учебници, и преглед на анализирани документи. Концепциски овој труд е организиран во повеќе делови, заглавија и подзаглавија.

Во воведниот дел, кандидатката ги определува и дефинира основните тези на кои ќе им посвети внимание во останатиот дел од трудот, во прв ред конкретните образовни и воспитни содржини и практики за насочување на децата од првиот училишен час кон комплетно усвојување на вредностите на пристапот за родова и културна еднаквост, при што истражувањето не се сведува само на идентификации и наоди за текстовите и илустрациите на жени и на различните културни групи, туку за евидентниот, латентниот курикулум и целокупниот училишен етос во Република Македонија.

По воведниот дел, следи дел во кој кандидатката ги формулира проблемот поврзни со аспектите на мултикултурализмот и родовата еднаквост во образованието во Република Македонија, целите и задачите на истражувањето како и хипотетичката рамка. Со терминот мултикултурно образование се опфаќаат најразлични програми и практики што се однесуваат на образовната еднаквост и рамноправност помеѓу родовите, етничките групи, јазичните малцинства, луѓето со пречки во развојот и оние со посебна дарба и талент. Мултикултурното образование може да значи и обид за целосна реформа на школството со цел да се зголеми образовната еднаквост на различните културни, етнички и социјални групи. Ова широко и сеопфатно разбирање на мултикултурното образование се разликува од ограничениот концепт на мултикултурно образование, кое се перцепира само како реформа на курикулумот.

Целат на научното истражување има два нивоа: 1) теориски да се објаснат поимите на род, мултикултурализам, мултикултурно образование и сите други релевантни поими поврзани со нив и 2) да се направи диксурзивна и репрезентациска анализа на постоечката состојба и капацитетите на основното образование на Република Македонија, е со цел да се согледаат можностите и способностите за промовирање на недискриминација и еднаквост меѓу припадниците на различни културни групи, како и да се согледаат состојбите со родовата и мултикултурната

сензибилност во правната регулатива, да се промовира недискриминација и еднаквост во наставните планови и програми како предуслов за подобрување на човечкиот потенцијал во градењето на едно демократско и кохезивно општество.

Хипотетичканата рамка има генерални и поеднинечни хиптези и тоа се следните:

**Генерални хиптези:** Образовен систем којшто се грижи за усвојување на родовата перспектива и на посебностите на различните културни групи остварува позитивно влијание врз процесите на демократизација на современото општество.; и Постои позитивна релација помеѓу степенот на воведеност на родовата еднаквост и застапеноста на посебностите на културните групи во наставните програми и практики и степенот на применетоста на човековите права и слободи.

**Поединечни хипотези:** Застапеноста на родовата перспектива и мултикултурноста во образованието им овозможува на припадниците на различни родови и културни групи еднаков пристап до образованието; Усвојувањето на родовата перспектива како промоција на родова еднаквост значи промоција на демократските принципи, стратегии и политики во воспитно-образовниот процес на децата и младите, како (идни) граѓани; Мултикултурниот карактер на образованието влијае врз градењето на меѓусебна доверба, толеранција и соживот помеѓу припадниците на различни културни групи во диверзитетното општество; Унапредувањето на родовата и мултиетничката перспектива во образованието ја овозможува интегративната функција на образованието којашто влијае врз подобрувањето на квалитетот на живот на различните родови и културни групи зголемувајќи го приота капацитетот во процесите на донесување одлуки; Промовирањето на родовата еднаквост и мултикултурниот карактер застапени во квалитетот на образованието придонесуваат кон квалитетно усвојување на вредностите на европското образование.

Овие хипетези се елаборирани во третиот дел, каде преку критички и аналитички интонирани теоретски постаменти на родовиот, мултикултуралистичкиот, социолошкиот, филозофскиот и историскиот дискурс се разгледува резултатите на

релеватни анализи и истражувања во светот и во Република Македонија, правната рамка и стратешките определби на основното образование од аспект на родовата еднаквост и мултикултурализам.

Посебен осврт е даден во наставните програми за деветгодишното образование по задолжителни и изборни предмети, како и на анализа на учебниците по мајчин јазик, македонски јазик за учениците од другите заедници, учебниците по турски јазик, потоа запознавање на околината и општетсвото, историја и учебниците по граѓанско образование.

Во заклучните согледувања кандидатката е со став дека генерално гледано од *родов аспект*, структурата на новите програми за деветгодишното образование во однос на структурата на наставните програми за осумгодишното основно образование е посистематски изготвена, покомплексна во опфатот на родовата димензија, и може да придонесе делумно за родовото сензибилирање на учениците и унапредување на училишниот етос. Во новите наставните програми, применети се принципите на недискриминација, респект кон индивидуалните разлики на учениците и демократичност и тие се целосно интегрирани во развојните цели, делумно во целите за одделни нивоа на одделенија, а некои се делумно интегрирани и во конкретните цели за наставниот процес. Меѓутоа, за комплексно и реално интегрирање на родовата перспектива во наставните програми неопходна е перманентна надградба на капацитетите на наставниците кои ги реализираат наставните програми.

За *мултикултурноста* во наставните програми за деветгодишната настава, главно е следен принципот на разбирање на „другите", согласно воспитно-образовните принципи во *Концепцијата за деветгодишно образование и воспитание*. Меѓутоа, генерално, учебниците генерираат етноцентризам, наместо да етаблираат основа за градење граѓански и национален идентитет, а во најголем број случаи придонесуваат исклучиво за развивање на етничкиот идентитет на тие заедници кои по политичка случајност се споменуваат во Преамбулата на Уставот на Република Македонија. Етничкиот идентитет на помалите заедници на Турците, Власите, Ромите, Србите и

Бошњаците е сосема ретко афирмиран. Оние етнички заедници коишто не се споменуваат во Преамбулата на Уставот, односно „другите“ (Египќаните, Црногорците, Хрватите, Словенците, Русите, Ерменците и други) се целосно игнорирани.

**Оценка и значење на трудот**

Магистерскиот труд на Тулаха Тахир претставува солиден научен труд кој се базира на сериозен научен пристап со доста прецизно определен предмет на истражувањето, на хипотезите и на целите. Мошне коректната и доследно применета истражувачка методологија ги прави резултатите не само значајни, туку и корисни како објективно засновани и проверени. Трудот е напишан од позиции на суверен познавач на актуелните состојби родовата еднаквост и мултикултурализмот, како и нивната применета во основното образование во Македонија. Елаборираните тези, не остануваат само на теориско ниво, туку се поткрепени со резултати од истражувања спроведени во рамките на неколку проекти.

Врз основа на сите овие согледби за квалитетот и значењето на овој магистерски труд, ни претставува особена задоволство и чест, на Наставно-научниот совет на Институтот „Евро-Балкан“ да му препорачаме да го прифати овој извештај и да предложи термин за јавна одбрана на трудот.

04.01.2012, Скопје

Комисија:

Проф. д-р Весна Матијешевиќ Покупец, с.р.

Проф. д-р Митко Панов, с.р.

Доц. д-р Рубин Земон, с.р.

2. **Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Современи аспекти на работниот простор во услови на глобална стандардизација: пристапи, практики и брендирање на внатрешната архитектура“ пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатот м-р Мишко Ралев;**

**БР. 07.01/3/2, 26-01-2012 г.**

Со одлука на Наставно научниот совет на Институтот Евро-Балкан бр.05.12/817 од 23. 12. 2011 година, определени сме за рецензентска комисја за оценка на научната издржаност на тема за докторска дисертација, поднесена од м-р Мишко Ралев, со наслов : "**Современи аспекти на работниот простор во услови на глобална стандардизација: пристапи, практики и брендирање на внатрешната архитектура** "

По разгледувањето на доставените материјали, го доставуваме следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

М-р Мишко Ралев е роден на 25.04.1961 во Скопје. На Архитектонски факултет во Скопје дипломирал во 1985 година. Во 2003 година, магистрирал на истиот факултет, со што се стекнал со звање Магистер по архитектонски и урбанистички науки.

**Работно искуство:**

- Во периодот од 1995-2006, М-р Мишко Ралев работи како асистент и доцент на Шумарскиот факултет Скопје УКИМ, на предметите внатрешна архитектура и елементи на организација на простор;
- Од 1988-2007, кандидатот е ангажиран како асистент и доцент на предметите елементи на проектирање и архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет Скопје, УКИМ;
- Со звањето Доцент, кандидатот се стекнал на Факултетот за архитектура и дизајн при УАКС Скопје во 2007 година. Од 2011 година, кандидатот Мишко Ралев е избран во звањето Вонреден Професор на Факултетот за Архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје;
- Во неговата биографија, бележиме 22 годишно искуство во образовниот процес

на државниот универзитет и петгодишно искуство на приватен универзитет, прво како помлад асистент, асистент, доцент и вонреден професор, предавајќи предмети од областа на елементи и основи на архитектонско проектирање и проектирање на ентериер.Негова специјалност е организацијата на просторот, функциите, комуникациите и брендирањето на ентериери. Исто така, тој има и 26 годишно искуство на полето на архитектонската пракса: проектирање на ентериери и архитектонски објекти;

- Од неговото професионално делување, уште бележиме дека во 2004 година, Ралев работи на Учебник за ликовно воспитување за ученици од трета и четврта година гимназија - поглавјата за индустриски дизајн, архитектура и урбанизам;
- Во 2006 година, реализира серија ТВ емисии "Наш Дом" од областа на ентериерот за продуцентската куќа "Супер ѕвезда" емитувана на Канал 5 ТВ.
- Во 2008 година, за студентите по архитектура ќе објави скрипта "Елементи на проектирање- Хоризонтални и вертикални комуникации како фактор во креирањето на просторот", УАКС, Скопје;
- Во 2010 година, тој како експерт е член на тимот за изготвување на "Правилник за нормативи и Стандарди за минимално и соодветно домување" при Министерството за транспорт и врски;
- Во периодот од 2010-2011 год., Ралев е ангажиран како експерт консултант на консултантската куќа НАКО од Холандија, со работна задача - вршење контрола врз остварувањето на Концесискиот договор помеѓу ТАВ Македонија и Владата на Р.Македонија за изградба и реконструкција на аеродромите во Скопје и Охрид;

Ралев е раководител на група предмети по архитектонско проектирање и дизајн, шеф на катедрата за архитектонско проектирање на факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, член на Сенатот на Универзитетот и главен проектант во фирмата ТАКТ Инжненеринг Скопје.

**Осврт кон предложената тема:**

Следејќи ја генезата на темата низ повеќе варијантни опфати на нејзиниот обем, која ја пријавува кандидатот м-р Мишко Ралев, веќе во самите почетни забелешки, евидентираме комплексна истражувачка тема, чија рамка одредена со насловот можеби и нема да биде доволна да ги опфати сите (досега) неистражени или недоволно елаборирани аспекти на феноменот на работниот простор. Уште повеќе, што веднаш станува јасно дека подеднакво внимание ќе биде посветено на проблемите на дизајнот, ликовноста и естетиката, на административниот работен простор во услови на глобална стандардизација, како и на современите аспекти на работниот простор, односно, на проблемот на брендирањата на внатрешната архитектура, што претставуваат навидум слични, но според природата на својата внатрешна структура, и различни, но интегрирачки преокупации.

Во експликацијата на својата тема, уште на самиот почеток, м-р Мишко Ралев јасно ги поставува насоките на својот истражувачки ангажман: утврдување на различноста на аспектите и оправдување на актуелноста на истражување од ваков вид, кое според него се укажува како можност за отворање и утврдување на феномени од денешницата, кои се применуваат на ниво на конвенции, но евидентно укажуваат и на темелни разлики. Тие разлики, според Ралев, се наметнати од нерамномерниот развој, невоедначеноста на културниот раст, недефинираноста на социокултурните и другите општествени аспекти кои влијаат врз зададениот проблем.

Современите културни процеси и влијанието врз дефинирањето на поимот на работниот простор претставува соодветен вовед во истражувањето, кое со секој нареден чекор, упатува подлабоко кон неистражениот простор на внатрешната архитектура и нејзините широки импликации. Во таков контекст, културните различности и глобалните трендови, Ралев ги најавува како алатки кои секако ќе доведат до посебно разбирање на феномените како што се сликовноста на ентериерот

како простор, односно, како медиум во современите визуелни изрази, приближувајќи го истражувачкиот дискурс кон сензибилитетот на современите културни процеси и аспекти на поимот на работниот простор (во темата дефиниран специфично и во услови на глобална стандардизација).

Дефинирајќи го поимот на работниот простор, преку прецизна методологија на препознавање на функции и организација, запознавање со типологијата на работни простори (внатрешна архитектонска организација), се дефинира всушност значењето на поимот, на функцијата и организацијата. Одтаму, како што наведува понатаму предвидената содржина, се пристапува кон дефинирање на основните организациони единици - модул, и тоа преку: дефинирање на поимот работно место; функција и организација на работното место; типологија на работни места; естетичност и израз на работното место; работното место како културен модел (традиции, современост, различности); социолошки импликации од дефинициите на работното место. Проектирани и димензионирани да формираат солидна разработка на истражуваните поими, експликациите кои се поместени како реални очекувања од истражувањето, се разработуваат понатаму преку претставување на основната типологија на просторот и функционалните елементи, преку примена на различни пристапи: дескриптивна методологија на типолошка организација; аналитички приод во типолошката организација. Фокусот во оваа фаза и на ваков начин постепено се поместува кон анализа и прикажување на административно-деловниот простор во услови на глобална стандардизација, со посебно акцентирање на различни влијателни фактори врз стандардизацијата, изведено со компаративно истражување на споредбени примери и практики, како и со утврдување на насоки за идно методолошко порамнување.

Во последните поглавја од приложената методологија и содржина, Ралев предвидува опсежна анализа и претставување на процесите на Глобализацијата, утврдени како фактори на нејзино делување и влијание врз структурата и организацијата на внатрешниот простор, при што е предвидено насочување кон анализа на современите аспекти на естетиката, дизајнот и ликовноста на работниот простор, прикажување на

брендот како алтернатива, брендот како универзален визуелен феномен.

При претставувањето на спецификите на предложената тема, треба да се подвлече и да се појасни дека е предвидено фокусот во рамките на истражувањата на уредувањето на работниот простор кандидатот да го одреди и да го појасни во однос на количината на граѓа која ќе се утврди како релевантнта за потврда или барем анализа на одредени поставени проблеми. За типот, видот и спецификите на секој единечен изесен пример, ќе се применат опсежни квалификациски истражувања, со цел селекцијата и приредувањето на граѓата да се однесува на носечката идеја на насловот. Дали притоа фокусот ќе биде локален, регионален, или посредно (непосредно) ќе се однесува на одредени рамки или зададености, ќе зависи од насоките кои ќе се развијат во текот на истражувањето: недоволната досегашна елаборираност на овие или слични проблеми, секако упатува на потребата од опстојни истражувања, систематизации и класификации. Во таков контекст, одредувањето на простирањето на проблемите, ќе се направи врз основа на деталниот увид во поднесената, приложена и обработена граѓа и примери.

Хуманистичкиот дискурс, кој сеопфатно треба да го позиционира истражувањето во културните кодифицирања и во интергенерацијските трансфери на знаења, искуства и теории, секако ќе се одреди (обработи) низ теориите за културниот идентитет. Несоменено е дека кај кандидатот е гласно најавена таквата опција, што недвосмислено покажува дека и насоките во кои ќе се одвива истото, ќе го интегрира во себе таквиот приод. Недоволната референцираност на таквите теориски аспекти досега, уште еднаш јасно потврдуваат дека актуелноста од спроведувањето на ваква аналитичка постапка на препрочитување на навидум стандардната терминологија со (и преку) која се зборува за природата на работниот простор, секако треба да биде унапредена и исчекорена во насока кон целисходно преклопување со сензибилитетот на истражувач чиј интерес е свртен нанапред кон објаснување (или отварање на потребата за..) на работниот простор.

Примената на ракурсот на антропологија на внатрешен простор несомено ќе

отвори бројни аспекти и досега незагатнати дебати за односот кон внатрешниот простор, мислејќи секако на аспектите на социјалната и културната антропологија, во смисол на тоа од кои и какви човечки феномени произлегуваат практиките и брендирањата, како и феноменот на стандардизирање на нештата посредувани со глобализирачката реалност.

Теоријата (теориите) на културниот идентитет, низ една ваква призма на истражување и приод, се очекува критички да бидат превреднувани во контекст на очекуваните резултати посебно насочени кон темелно разбирање и објаснување на темата. Обработката на темата низ компаративно соочување на сопствените проектантски искуства, (вдахновени или испровоцирани од одредени актуелни состојби, веќе втемелени во искуството на употребливоста на работниот простор и вреднувани од аспект на нивната целисходност во дизајнот), ќе ја долови и разреши конфликтноста по линија автор-творец-корисник-нарачател, влегувајќи и одбидувајќи се во митското единство на дизајнот како постапка и индивидалноста како порив, да го пронајде можното насочување на идните практични постапки врзани за целисходноста на дизајнот како универзален јазик за препознавање и препрочитување на поимот на функционалноста на работните (и сите други ) простори.

Опременоста на кандидатот со огромната количина на практично искуство, во таа насока ќе ја растовари темата од претпоставените догматизирани ставови за предвидливоста и претпоставеноста или функционалноста на дизјанот, а повеќе ќе се насочи кон компаративно воочување на можните линии на развој, како логични консеквенци на глобално посредуваните вредности во доменот на индивидалното разбирање на колективно прифатените критериуми и мерки. Разнородноста (во тематска смисла) на неговата лична проектна и дизајнерска продукција, се очекува во таа насока да прикаже исклучителност на усетот за прикажување и анализа, односно, неговите согледувања да ги верифицираме на ниво на автореференцирана стратегија и коректив, тангирајќи ја различноста и мноштвото на загатнати теориски аспекти во контекст на пошироко сфатена улога на содржинската функција на формата на

елементите на работниот простор, наспроти функционалната формативност произлезена од ограничувањата на аплицираниот дизајн како постапка на произведена и мултиплицирана вредност.

**Заклучок и предлог**

Темата за докторска дисертација која ја предлага кандидатот м-р Мишко Ралев, ја цениме како исклучително важна за целисходното согледување на досега недоволно истраженото подрачје на внатрешната архитектура, дизајнот и аспектите на работниот простор како повеќеслојна материја преку која подоцна можат да се прапознаваат одредени специфики на современиот културен сензибилитет. Отвореноста на содржината која е проектирана со насловот, дозволува во тие рамки да се надградат реални и очекувани отстапки или проширувања, а во зависност од природата на резултатот од истражувањето. Содржинската рамнотежа и внатрешна комуникација на темите од архитектонскиот домен, во корелација со хуманистичкиот (антрополошкиот) интердисциплинарен аспект на обработка на материјалот, во својот завршен облик, сугерираат отвореност кон било какви позитивни прилагодувања во таа смисла. Истовремено, како исклучително важно за позиционирањето и за позитивната оценка на изнесените констатации, упатуваме и на предлогот на авторот за насоченост на истражувањето кон различните групи на феномени од кои произлегуваат (се профилираат) практиките и брендирањата, или пак, кои го утврдуваат феноменот на стандардизирање на нештата преку глобализираната реалност.

Имајќи го сето наведено пред вид, позитивно ја оценуваме научната издржаност на предложената тема за докторска дисертација, поднесена од **м-р Мишко Ралев**, со наслов "**Современи аспекти на работниот простор во услови на глобална стандардизација: пристапи практики и брендирање на внатрешната архитектура**"и предлагаме истата да биде прифатена.

Рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Кокан Грчев, с.р.
2. Проф. д-р Мартин Гулески, с.р.
3. Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.

Во Скопје, 15. 01. 2012

**3. Извештај на рецензентската комисија за оценка на научната издржаност на тема: „Улогата на комуникациските стратегии во мултикултурните општества, со посебен осврт кон информирањето за Охридскиот рамковен договор“ пријавена за изработка на докторска дисертација од страна на кандидатот м-р Марина Тунева;**

**БР. 07.01/3/3, 26-01-2012 г.**

До Советот за научна дејност и последипломски студии на

Институтот „Евро-Балкан“, Скопје

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ИЗДРЖАНОСТ НА ТЕМА ПРИЈАВЕНА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

Со одлука бр. 05.12/805, донесена на петата седница на Советот за научна дејност и последипломски студии на Институтот „Евро-Балкан“ одржана на 23.12.2011, избрани сме за членови на рецензентската комисија за утврдување на подобноста и способноста за научна работа на кандидатката м-р Марина Тунева, како и за одобрување на темата за изработка на докторска дисертација на кандидатката под наслов “Улогата на односите со јавноста во развивање ефективна комуникација во мултикултурните општества: Студија на случај “Комуникациски стратегии и пораки во информирањето за Охридскиот рамковен договор”” (со архивски број 05.12/791).

По разгледување на приложениот материјал, комисијата има чест на Советот за научна дејност и последипломски студии да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

**1. Биографски податоци и научна подготвеност на кандидатката**

М-р Марина Тунева е родена на 24.06.1975. Во 1997-та година дипломирала на Интердисциплинарните студии по новинарство на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот св. Кирил и Методиј. А во 2005-та ги комплетирала постдипломските (магистерски) студии по дипломатија на *Diplo Foundation* при Универзитетот во Малта, додека пак магистерските студии при Центарот за мир и развој како дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј и се во фаза на комплетирање.

Кандидатката завршила повеќе курсеви и школи од обласа на комуникациите и новинарството и посетувала низа работилници и транинзи преку кој се стекнала со практични вештин од областа на човековите права и мировното решавање на етничките конфликти. Од друга страна, кандидатката м-р М. Тунева има повеќегодишни практично работно искуство непосредно поврзано со проблемските теми и задачи од нејзиниот предлог-елаборат за изработување на докторска теза. Поточно, кандидатката покрај работно искуство во информативните редакции на дел од македонски печатени и електронски медиуми, активно и професионално работи на спроведувањето обуки за односи со јавноста, комуникациите и мировно новинарство. Оваа одговорност ја комплетирала со нејзиниот сегашен ангажман како предавач и обучувач на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста при Македонскиот институт за медиуми.

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, додипломското образование и завршените постдипломски студии сведочат за упатеноста на м-р Марина Тунева во научното истражување и ја потврдуваат нејзината подготвеност за изработка на докторска теза.

**2. Подобност на темата за изработка на докторска теза**

Предложената тема за докторска дисертација „*Улогата на односите со јавноста во развивање ефективна комуникација во мултикултурните општества: студија на случај "Комуникациски стратегии и пораки во информирањето за Охридскиот рамковен*

*договор*“ има за цел да ги утврди кои комуникациски активности во односите со јавноста се применувале во информирањето на јавноста за Охридскиот рамковен договор и дали тие ги подразбирале вештините за комуникација во мултикултурни општества. Кандидатката во оваа докторска теза сака да даде одговор на следниве истражувачки прашања: кои конкретни стратегии и инструменти во односите со јавноста биле користени од државната администрација во информирањето за имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, какви комуникациски пораки се користени во информирањето на јавноста за самиот Договор, дали се креирани механизми за регистрирање на потребите и реакциите на јавноста и дали тие биле земени предвид при креирањето пораки и тн. Од ова следи дека трудот ќе биде сосредоточен во испитувањето на комуникациските процеси при информирањето за мировните договори и спроведувањето на обврските од договорите и актите за помирување во мултукултурните општества, со посебен осврт кон Охридскиот рамковен договор и комуникациските активности во поглед на неговото презентирање на јавноста.Комисијата смета дека оваа тематската насока на истражувањето е прецизно и актуелно проблемско подрачје кое дава научен, општествен и стручен легитимитет на темата како предметна и проблемска област за изработка на докторска дистертација.

Комисијата, во консултации и договор со кандидатката м-р Тунева, го преобликуваше и прецизираше насловот на докторската дисертација во насока на методолошките стандарди за вообликување на наслов на докторска теза. Затоа, во понатамошната постапка насловот на дисертацијата ќе биде: “***Улогата на комуникациските стратегии во мултикултурните општества, со посебен осврт кон информирањето за Охридскиот рамковен договор”***.

Во поглед на методолошките постапки при истражувањето кандидатката предвидува ползување на содржинската анализа на документите на државната администрација, квалитативни и квантитативни анализи на информациите кои биле пласирани на јавноста во однос на Охридскиот рамковен договор, спроведување длабински полуструктурирани интервјуа со чинителите на комуникациските постапки и

стратегии во тој период , како и препознавање на одредени фокус групи од сегменти на публиката преку чие испитување кандидатаката планира да дојде до информации за реакциите на јавноста. Овој методолошки инструмент, сообразен со компаративното разгледување на комуникациските стратегии и процеси при други слични мировни процеси на Балканот, на кандидатката и дава епистемолошки ресурс врз чија основа верува дека ќе дојде до податоци и информации со кои ќе ја поткрепи главната хипотеза и со кои ќе ги објасни случувањата во Македонија при соочувањето на јавноста со обврските од Охридскиот рамковен договор.

Затоа, комисијата проценува дека предметот на истражување и предвидената истражувачка методологија на м-р М. Тунева имаат научна и научно-истражувачка втемеленост. Во поглед на листата на референци кои кандидатката ги приложува како извор и докуметациска граѓа во Предлог – елаборатот се наведени референци од кои може да се поткрепи единствено теоретскиот дел на истражувањето. Кандидатката не наведува граѓа врз која ќе ги поткрепи одговорите на поставените истражувачки прашања. Но, со оглед дека оваа фаза е прелиминарна, а библиографијата само работна, Комисијата очекува во наредната фаза кандидатката да понуди извори и документациска граѓа со која непосредно би ги поткрепила одговорите на зацртаните истражувачки прашања и дилеми.

Во поглед на теоретската рамка на истражувањето кандидатката суверено ги лоцирала референтните комуниколошки студии, а тие како теоретска база укажуваат на подготвеноста на м-р М. Тунева да изработи сериозен научен труд, кој несомнено ќе придонесе за подобро разбирање на улогата и значењето на односите со јавноста во мултикултурни општества кои се во фаза на помирување и општества кои политички спроведуваат мировни договори за кој мора на посебен начин да се информира чуствителната јавност. Кандидатката за ментор го предлага д-р Рубин Земон.

3. Заклучок

Комисијата смета дека ваквото истражување, со вклучените инструкции и забелешки од Комисијата, на ниво на докторска дисертација ќе претставува драгоцен

придонес во областа на комуникациските науки и културолошките истражувања во македонскиот научен контекст, но и пошироко.

Врз основа на гореизнесеното имаме особено задоволство да му препорачаме на Советот да ја одобри изработката на предложената докторска дисертација под наслов: "***Улогата на комуникациските стратегии во мултикултурните општества, со посебен осврт кон информирањето за Охридскиот рамковен договор*** ", од м-р Марина Тунева.

КОМИСИЈА:

Проф. д-р Јован Донев, с.р.
Доц. д-р Рубин Земон, с.р.
Доц. д-р Бошко Караџов, с.р.
17 јануари, 2012 година, Скопје